**FOREWORD**

Dear readers

We are starting to issue a journal which we expect it will succeed to represent not only the new scientific knowledge from the field of animal husbandry, but to enable the reader to have contact with the contemporary scientific trend in this field.

Macedonian Journal of Animal Science will be issued twice a year. We consider that this intensity is sufficient to follow and present the news, and also satisfy author's requests, to publish the newest results from their researches. We expect interest that will prove the necessity and the significance of this journal. Thematically, the published scientific papers can cover almost all scientific fields connected with the animal husbandry: genetics and selection, animal nutrition, fishing, apiculture, alternative livestock production, hunting, economics in animal husbandry, as well as general topics connected with the animal husbandry.

We expect that certain number of the scientific topics will concern the development and promotion of the sustainable livestock production. We consider that with this type of approach will succeed to handle the problems and risks brought by the new era.

We expect certain omissions in the content and the structure in the journal, but there is room for constructive and positive cooperation with the colleagues that have contact with the journal. In that direction, all the remarks contributing to better representation and presentation are welcomed. We are expecting your comments and remarks Thank you.

With respect,

*Editors in Chief*
Nikola Pacinovski, Ph. D.
Goce Cilev, , Ph. D.

# ПРЕДГОВОР

Почитувани читатели,

Започнуваме со издавање на списание со кое очекуваме дека ќе успееме да ги претставиме не само најновите научни сознанија од областа на сточарството, туку на читателот да му овозможиме пристап до она што претставува современ научен тренд во оваа област.

Macedonian Journal of Animal Science е списание кое ќе излегува два пати годишно. Сметаме дека ваквиот интензитет ќе биде доволен да го следиме и претставиме она што е најново, но и да ги задоволиме барањата на авторите кои сакаат да ги публикуваат најновите резултати од своите истражувања.

Очекуваме интерес кој ќе биде доволен доказ за потребата и значењето на ова списание.

Тематски, научните трудови кои ќе се објавуваат, можат да бидат речиси од сите научни области на сточарството: генетика и селекција, исхрана на домашни животни, квалитет и безбедност на храна, рибарство, пчеларство, алтернативно сточарство, ловство, економика во сточарството, како и општи теми кои имаат одредена поврзаност со сточарството.

Очекуваме значителен број од научните теми да се однесуваат на развојот и унапредувањето на одржливото сточарско производство. Сметаме дека само со ваквиот пристап ќе успееме да се справиме со проблемите и ризиците кои ги носи новото време.

Се разбира, во почетокот се можни одредени пропусти во содржината и структурата на списанието, но очекуваме конструктивна и позитивна соработка од сите колеги кои ќе дојдат до списанието. Во таа насока, добредојдени се секакви забелешки во интерес на што подобро претставување и презентирање на оваа наука.

Во очекување на одредени коментари и забелешки од Ваша страна, Ви благодариме.

Со почит,

*Главни уредници*

Д-р Никола Пациновски

Д-р Гоце Цилев